

Ставре Гогов (1884 – 10. IV 1907) е македонски револуционер, член и војвода на Македонското револуционерно движење. Во 1901 година бил четник во четата на војводата Тале Горанов. Во Илинденското востание се борел во четата на војводата Лука Групчев, а од летото 1904 година станал самостоен војвода. Предаден и заобиколен од аскерот, откако му завршила муницијата, се самоубил. Македонскиот народ не останал рамнодушен кон загинувањето на „младиот спасител на Македонија“ и ќе го овековечат во народните песни.

Ставре Матеев Гогов е роден во 1884 година во струшкото село Вевчани. Останал без образование и работел како дулгерин, ѕидар. Работел во Ѓаковица, Косово, како и на други места. Во 1898 година,  во расправија со член на друго семејство од Вевчани, извршил убиство поради што бил гонет од турските власти. По овој настан, Ставре се одменува и се става на располагање на селската организација на Македонската револуционерна организација (МРО).

Во јули 1901 година заедно со Јаким Алулов и Тасе Христов, Ставре Гогов влегува во организациско-организациската чета на чие чело се наоѓа прилепскиот војвода Тале Горанов.  Во ноември 1901 година, Горанов бил заменет и се до доаѓањето на Никола Русински со четата раководи војводата Јаким Алулов, а негов заменик бил Ставре Гогов.

Во 1903 година, Ставре Гогов учествува во Илинденското востание во големата чета на охридскиот војвода Лука Групчев. По задушувањето на Востанието, во постилинденскиот период, тој долго време се бори за илинденските идеали. Во летото 1904 година, Гогов бил назначен за војвода на струшката чета на МРО и дејствува како активен организатор. Во 1906 година бил ранет од поткупен четник од српската пропаганда.

Во април 1907 година, Ставре пристигнал ноќно време во куќата на својот вујко Трпе

Шекутков во родното село Вевчани. Меѓутоа Турците дознаваат за посетата на Војводата и турскиот аскер, заедно со башибозукот од Октиси, Лабуништа и Подгорци, уште истата вечер ја опколиле куќата.

Во утринските часови Ставре Гогов и домаќините започнале нерамноправна борба. Во меѓувреме, Кота Христова свршеницата на Ставре, успеала да ја помине опсадата и им доставила бомби и патрони. Тоа му овозможило на Ставре и домаќините да дадат силен отпор, а борбата траела од утрото до квечерината, се додека се имало муниција.

На 10 април 1907 година, по завршување на куршумите, Ставре Гогов се самоубива, а со него загинале и браќата Трпе и Кузман Шекутков. Снаата Андрица и трите внуци на Трпе биле ранети. Турците кои имале големи загуби за време на борбата, по завршување на акцијата ја запалиле куќата. Според едни извори Турците имале 27 загинати припадници на аскерот и башибозукот, а според други 117 души.

По загинувањето на нејзиниот свршеник Ставре Гогов, Кота Христова Кузман Пупина Костајчинова го убива предавникот и се вклучува како занаменосец во четата на Стојчо Јанкулов Торбичков од Подгорци.

Вевчанецот Ставре Гогов оставил во струшката околија убави спомени. Тој меѓу народот е познат како добар и бестрашен четник, кавелер со посебна чесност. Во спомен на вевчанскиот војвода, на обновената куќа во која загинаа и браќата Трпе и Кузман, поставена е мемораjална плоча со натпис:

„Во април 1907 година, на ова место во нерavна борба со многубројниот турски аскер херојски загина војводата Ставре Гогов.“

Македонскиот народ не останал равнодушен кон оваа трагедија. Загинувањето на „младиот спасител на Македонија“, на предавството и заслужената казна, на херојски чин Ставре и фамилијата Шекуткови, народот ќе го овековечат во народните песни „Смртта на војводата Ставре Гогов“ и „Песна за Ставре Гогов “ во која пее:

**Песна за Ставре Гогов**

Од Битола до Вевчани, се сардисано.
Ура, ура, Ставре Војвода.
Го сардисаа млад Ставре во Шекуткој.
Ура, ура, Ставре Војвода.

Ставре има мажко срце, не се предава.
Ура, ура, Ставре Војвода.
Ставре има бердан пушка, не се предава.
Ура, ура, Ставре Војвода.

Прва бомба, што ми фрли в конопиштата.
Ура, ура, Ставре Војвода.
Та ми удри десет души од аскерот.
Ура, ура, Ставре Војвода.

Сврти пушка во брадата, Ставре Војвода,
Ура, ура, сам се убива,
Ура, ура, за Македонија.